# С О О П Ш Т Е Н И Е

Општина Битола имајќи ги во предвид своите законски надлежности во доменот на заштитата на животната средина и здравјето на граѓаните, отпочна со постапка за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП). Овој документ претставува највисок локален стратешки документ за управување и заштита на животната средина на ниво на општина. ЛЕАП документот претставува основа за планирање на заштитата на животната средина во период од 6 години, преку проценка на моменталната состојба, идентификација на проблеми, дефинирање на мерки за заштита, зголемување на јавната свест и следење на имплементацијата.

Вклучувањето на јавноста во изработката на ЛЕАП-от е од суштинско значење, поради што Општина Битола ја повикува целата јавност во изразување на своето мислење преку пополнување на анонимен анкетен прашалник за испитување на јавното мислење околу проблемите со животната средина. Во продолжение ќе го најдете линкот до прашалникот што може електронски да го пополните или печатена копија може да се подигне од шалтерските служби во зградата на општина Битола.

Исто така, сите оние граѓани кои активно сакаат да земат учество со свој допринос во некоја од работните групи за изработка на ЛЕАП ги охрабруваме да се пријават и да ги остават своите податоци во Општина Битола.

Анкетен прашалник за испитување на јавното мислење: http://www.smartsurvey.co.uk/s/N1J0J/

Прашалникот ќе биде активен во период од еден месец од денот на објавување на соопштението.

Однапред Ви благодариме!

ОПШТИНА БИТОЛА